Сорос Центарот за современи уметности - Скопје, Македонија (SCCA - Skopje) во рамките на својата Втора годишна изложба *Икона на сребро* предвидува и организирање на еден меѓународен симпозиум на следната тема:

## Интерактивност: Нова категорија на ликовното?

Темата за симпозиумот е одбрана како теориски прилог кон самата изложба која всушност го претставува првиот CD-ROM од областа на ликовните уметности во Македонија. Деветте реализирани проекти нужно поставуваат пре-дефинирање на досегашните категории кои, тоа е очигледно, повеќе не ќе можат да се употребуваат во доменот на електронската уметност. Едната од нив, интерактивноста, сметаме дека е од суштинско значење за самиот медиум на CD-ROM -от.

> *□□□... Како производ на електронскиот медиум CD-ROM-от го префрла тежиштето од концептот на оригиналност и неповторливост не само на неговата можност за репродуцирање, туку, уште понатаму, на можноста за репетирање. И кај двете станува збор за повторување, но со разлики. Репродуцирањето е умножување кое го засега повторувањето на уметничкото дело на рамништето на физисот. Репетирањето го засега повторувањето на уметничкото дело на рамништето на структурата, следствено на неговата суштина. Повторувањето кај првото е повторување-од-надвор, додека второто е повторување-од-внатре; експонент на првото е бројот на копиите, експонент на второто е бесконечниот број на вчитувања на податоците; првото го повторува носителот на записот, второто носителот на структурата на записот.*

> *... Дискутабилно е мислењето за безбројните можности на новите медиуми, особено ако се има предвид дека тие се во зависност од бројот на внесените*

*(што значи - дадените) можности како софтверска или хардверска поддршка. Ова е уште повидливо кај прикажувањето кое е во постојана променливост зависна не од уметникот, туку од корисникот: уметникот ги поставува опциите, а на корисникот се остава како Ќе ги оствари. Со тоа корисникот не е повеЌе реципиент кој еднонасочно ги прима и толкува кодовите и пораките на уметникот, туку тој е нужниот друг пол кој го овозможува интерактивниот процес на остварувањето на делото. ...*

Симозиумот се организира со цел да се започне отворена дискусија за терминологијата и новите естетички и ликовни категории кои треба да ги детермнираат уметничките остварувања во новите технологии.

За Ваша информација на симпозиумот поканети се:

*Eddie Berg*, директор на Video Positive '96 Liverpool;

*Небојша Вилиќ*, историчар на уметноста, Институт за историја на уметноста со археологија, SCCA - Skopje;

*Никола Гелевски*, уредник на списанието *Маргина;*

*Валентино Димитровски*, историчар на уметноста; Републички завод за заштита на спомениците на културата, Скопје

*Бојан Иванов*, независен ликовен критичар;

*Сузана Милевска*, независен ликовен критичар и куратор;

*Мелентие Пандиловски*, историчар на уметноста, SCCA - Skopje;

*Janos Sugar*, уметник и филмски продуцент, Budapest;

*Ивица Џепаровски*, философ, Институт за философија;

Симпозиумот ќе се одржи на 18. март 1996. во простроиите цо почеток во часот